**Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-KomunaShutoOrizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e MaqedonisësëVeriut**

Бр- No-Nr. 10 - 270/3
30.03. 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ-SKOPJE-SHKUP

Врз основа на известувањето од Комисијата за урбанизам на општина Шуто Оризари за повторување на Јавна анкета и Јавна презентација за предлог на Нацрт ДУП за Градска четврт С.06 за блокови 02.03,04,05,07,08,09,10,11,12,13 и 14 (по трет пат) во Општина Шуто Оризари а во согласност со член 27 став (5) и член 50 став (11) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 111/23, 73/24, 171/24,224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 102/22,99/23, 2/25, 143/25 и 241/25), Комисијата за урбанизам на Општина Шуто Оризари, формирана од Градоначалникот на Општина Шуто Оризари со арх.знак 10-202/1 од 26.03.2025 година, после повторените две Јавни анкети за предлог на ДУП за Градска четврт С.06 за блокови 02,03,04,05,06.07,09,10,11,12,13 и 14, и после поднесените анкетни листови, и забелешките од надлежните институции, и забелешките од Министерството за транспорт кои беа прифатени и корегирани, истиот претрпе значајни промени, промена на инфракстурура, регулационите линии и промена на намената на земјиштето, и поради тоа прелага да го врати на повторен увид (по трет пат) на јавноста, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, ја донесе следната

## О Д Л У К А

За организирање на повторена јавна анкета и јавна презентација (по трет пат) за предлог на Нацрт Детален урбанистички план за Градска четвртС.06 со блокови 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13, и 14 ко бутел во Општина Шуто Оризари-Скопје.Јавната анкета ќе започне петнаесет дена од денот на донесување на оваа Одлука, од 15.04.2026 година заклучно со 30.04.2026 година и ќе трае 12 (дванаесет) работни денови.Јавната презентација ќе се оддржи на ден 27.04.2026 година (понеделник) со почеток во 10 часот. Нацрт предлогот на конечниот детален урбанистички план за Градска четврт С.06 за блоковите 02, 03, 05 06, 07, 09, 10, 11, 12, 13 И 14 КО Бутел ќе биде изложен во холот на административната општинска зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36 секој работен ден од 8-16 часот.

Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица и надлежни институции, дека своите забелешки , дополнувања и мислења, за време на спроведувањето на повторената Јавна анкета и Јавна презентација ќе можат да ги предложат во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма во општинската зграда или во електронска форма кои ќе бидат достапни преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700 и на веб страната на општина Шуто Оризари www. sutoorizari.gov .mk

Врз основа на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Шуто Оризари ќе издаде и Соопштение со Јавен повик кој ќе биде објавен на огласната табла во административната

општинска зграда, на веб стараната на општината www. sutoorizari.gov.mk во информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700, и со соопштенија и плакати околу подрачјето на планскиот опфат.

Оваа Одлука важи од денот на донесувањето.

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш